## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 27 став (4) од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРИДРУЖНИОТ ДОКУМЕНТ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ХРАНАТА ЗА ЖИВОТНИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на придружниот документ за квалитетот на храната за животни.

### Член 2

Придружниот документ за квалитет на храната за животни која се става во промет непакувана или во растурена состојба се печати на образец во А4 формат на лајмована индигирана хартија во две копии, од кои едната ја задржува доставувачот, а другата копија ја задржува примачот. Секој придружен документ има единствен отпечатен сериски број.

Формата и содржината на образецот на придружниот документ за квалитет од став 1 на овој член е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-10707/2
15 ноември 2011 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

Сериски број 000000

# Придружен документ за квалитет на храна за животни

________________________________________

Име и презиме/назив на операторот

________________________________________

Адреса или седиште на операторот

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Единствен матичен број на граганинот (ЕМБГ) | | | | | | | | | | | | |
| Единствен даночен број на правното лице (ЕДБ) | | | | | | | | | | | | |

Број на лот/шаржа(____________)

| Податоци за храната за животни | |
|---|---|
| Вид на производот | |
| Трговско име (ако го има производот) | |
| Ознака за квалитет на храната за животни(за онаа храна за животни за која се предвидени повеќе класи на квалитет) | |
| Нето маса на производот (kg) | |
| Дата на производство | |
| Рок на употреба | |
| Упаство за користење и начин на чување | |

| Дополнителни податоци за потполни и дополнителни крмни смеси | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Суровински состав на крмната смеса(со набројување на крмите и дозволени додатоци: содржани во 1 кг крмна смеса изразено во %, односно мерни единици): | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

| Име и удел на непротеинското азотно соединение во крмната смеса како и неговиот протеински еквивалент | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Хемиски состав на потполната или дополнителната крмна смеса и тоа удел на: | | | | |
| Сурови протеини: | Сурови масти(само во крмни смеси за кои е пропишано) | Сурови влакна: | Вода: | Пепел: |

| | |
|---|---|
| Намена на крмната смеса: | |
| Употреба на крмната смеса (потполна или дополнителна) | |
| Произведено според производната спецификација (за потполна крмна смеса) | |
| Произведени според производната спецификација како и производ со понизок квалитет (ако е дополнителна крмната смеса) | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Рок на употреба на потполната или дополнителната крмна смеса, трајност на додадените витамини и антибиотици | | | | |
| Дополнителни податоци за премикси | | | | |
| Содржат податоци за состав и количина на: | | | | |
| Витамини | | | | |
| Минерали | | | | |
| Аминикиселини | | | | |
| Антибиотици и пробиотици | | | | |
| Други дозволени додатоци со претходно изработена производна спецификација изразена во мерни единици. | | | | |

Забелешка: образецот се пополнува пред ставање во промет и за секоја достава на пратка

Дата и место　　　　　МП　　　　　Потпис на операторот

______________　　　　　　　　　____________________